# ЗА БОСИЛОВО
# ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нѐ има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомenete на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сѐ ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сѐ што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува!  Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани,

Вие и јас знаеме дека нашата локална заедница може да биде поуредна, почиста, поорганизирана и да биде посакувано место за живеење на сите граѓани. Мојот сериозен и одговорен пристап, почитувањето на вашето мислење, соработката со вас, поддржувањето и прифаќањето на најголем дел од вашите предлози, градењето на заедничка доверба е цврста основа заеднички да ја градиме нашата иднина и иднината на општина Босилово.

Во наредниот период ќе не очекуваат многу предизвици. За да одговориме на тоа ви нудиме програма, реална, издржана и остварлива, програма која е изработена по ваша сугестија, со проекти кои нудат решенија на проблемите со кои секојдневно се соочувате. Оваа програма е со визија, со конкретни проекти и конкретни решенија за проблеми кои во иднина не смеат да постојат и мора да бидат решени. Ќе работиме деноноќно да ги исполниме нашите ветувања, ќе бараме начини, фондови домашни и странски, грантови, за да реализираме колку што е можно повеќе проекти.

Ќе ја подобруваме инфраструктурата, ќе градиме нови локални патни правци и улици, ќе го подобриме водоснабдувањето со изградба на нови и реконструкција на постојаните водоводни системи. Во населените места ќе изградиме нови тротоари, шеталишта и плоштади.

Исто така, проектите од областа на образованието, културата и спортот нема да бидат заборавени, туку, ќе бидат реализирани во насока на задоволување на потребите на граѓаните.

Ќе посветиме сериозно внимание на меѓуопштинската соработка и соработката со локални самоуправи од соседните држави со цел користење средства од европските претпристапни фондови и подобрување на контактите за културна соработка помеѓу граѓаните, пристап кој во минатиот четиригодишен период беше тотално запоставен.

Ви нудиме можност да бидете наши соработници, заеднички да ја креираме иднината на општина Босилово. Иднина во која општината ќе се гордее со својот урбан дух, општина со здрава животна средина, која ќе се стреми да биде меѓу најдобрите во регионот.

Заедно да создаваме нова иднина!

Со почит,

Ристо Манчев

# 2. ТОП 10 ПРОЕКТИ

## КЛУЧНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА БОСИЛОВО

1. ДОИЗГРАДБА НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ ВО С. ИЛОВИЦА;
2. ИЗГРАДБА НА БУШОТИНИ СО ПУМПНИ СТАНИЦИ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО С.ДРВОШ;
3. ЧИСТЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО СО ОСОБЕНО ВНИМАНИЕ НА ДЕПОНИЈАТА ПОМЕЃУ БОСИЛОВО И РАДОВО;
4. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА МОНОСПИТОВО, БОСИЛОВО, ТУРНОВО;
5. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МАЛО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ПОУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СЕЛО СЕКИРНИК СО ИЗГРАДБА НА ДЕТСКО КАТЧЕ;
6. ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ ВО УЧИЛИШНИОТ ДВОР НА ОУ „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“- МОНОСПИТОВО ;
7. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ИЛОВИЦА – ШТУКА -ТУРНОВО ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 5 КМ;
8. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ЕДНОКУЌЕВО – СПОЈ СО МАГИСТРАЛЕН ПАТ А-4 ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 1,2 КМ;
9. ИСКОП, УРЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ПРИМАРНИТЕ, СЕКУНДАРНИТЕ И ТЕРЦИЈАЛНИТЕ КАНАЛИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО (БОСИЛОВО, МОНОСПИТОВО, ТУРНОВО, БОРИЕВО И ДР.);
10. АСФАЛТИРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО (БОСИЛОВО, ПЕТРАЛИНЦИ, САРАЈ, ИЛОВИЦА, ШТУКА, МОНОСПИТОВО, ТУРНОВО, СЕКИРНИК, ГЕЧЕРЛИЈА, ДРВОШ, ЕДНОКУЌЕВО, БОРИЕВО, РАДОВО, СТАРО БАЛДОВЦИ И РОБОВО).

# ТОП 3 ПРОЕКТИ ВО ПРВИТЕ 100 ДЕНА

1. ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ ВО УЧИЛИШНИОТ ДВОР НА ООУ „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“ - МОНОСПИТОВО;
2. ИЗГРАДБА НА БУШОТИНА СО ПУМПНА СТАНИЦА ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО С. ДРВОШ;
3. ЧИСТЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО.



# 3. ПОЛИТИКИ И ВИЗИИ ЗА РАЗВОЈОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Општината ќе биде заедница во која локалната самоуправа и граѓаните нужно се ориентирани едни кон други. Тоа значи поголема одговорност на локалната самоуправа и поголема вклученост на граѓаните во донесувањето одлуки за прашања што за нив се од суштинско значење. Граѓаните ќе остваруваат непосредна комуникација со локалната самоуправа преку која ќе се информираат и ќе влијаат на реализација на проектите преку кои се решаваат нивните проблеми. Ваквата комуникација е неопходна и претставува гаранција за успешна работа, која се изразува во задоволството на граѓаните од поквалитетните јавни услуги, поефикасната администрација, поголема локална демократија, засилен локален економски развој, итн.

Фискалната децентрализација бележи напредок во последните десетина години од аспект на зголемување на капацитетите на општините за собирање и менаџирање на локалните даноци и такси, на грантовите од централната власт, како и зголемување на изворите на финансирање по основа на концесии, продажба на државно градежно земјиште и др. Со вистинско и квалитетно менаџирање на човечките ресурси кои ги поседува локалната самоуправа ќе можеме да обезбедиме средства за задоволување на потребите на граѓаните и за реализација на важни проекти од локално значење.

Општините денес се самостојни во донесувањето одлуки и во распределбата на општинските финансиски средства. Тие денес се во постојан меѓусебен натпревар. Конкуренцијата на идеи и позитивни практики охрабрува и отвора перспективи. Самите општини, всушност треба да се извор на идеи кои ќе се преточат во проекти, кои пак со нивната реализација и имплементација суштински ќе го подобрат квалитетот на животот на граѓаните.

Меѓуопштинската соработка е еден од инструментите за надминување на сопствените лимити. Токму затоа, општините треба да ги препознаат заедничките потреби и интереси и да настапуваат со заеднички идеи, да ги здружат капацитетите и да го придвижат

тркалото на развојот, да комуницираат едни со други, да соработуваат, да градат заеднички. Заедничкото настапување пред европските фондови со општини од соседните држави ќе придонесе за подобро запознавање на меѓусебните обичаи, верувања, потреби, традиции, видувања и размислувања. Проектно ориентираната Европска заедница и промовирањето на партнерството стана моќна алатка за зближување, унапредување и севкупен прогрес. Желбата за успех придонесе локалните самоуправи да бараат начини како поекономично и поквалитетно да ги решаваат проблемите на граѓаните со цел да им обезбедат поквалитетни и поприфатливи услови за живеење. Одлична можност за тоа се средствата од ИПА фондовите преку кои општините се клучни субјекти во процесот на интегрирање на Република Македонија во Европската Унија.

Со оглед на тоа што општините имаат клучна улога во унапредувањето на локалниот економски развој, нивното зајакнување во насока на привлекување и управување со инвестиции за локалната економија може да биде пресудно за создавање на локален економски раст и развој, создавање нови работни места и подигнување на социјалната добросостојба на локалното население во општина Босилово.



# 4. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Локалниот економски развој е еден од најважните сегменти за брз развој на општина Босилово. Една од основните идеи и цели на децентрализацијата е зголемување на економската моќ на локалните заедници.

Движечка сила на локалната економија и главен генератор на нови работни места е приватниот сектор, па затоа ќе го поттикнеме развојот на микро, мали и на средни претпријатија. Насочување на средствата кон приватниот сектор преку конкретни програми и проекти и нивна реализација се основни претпоставки за обезбедување услови за зголемување на економската активност во општината.

Главниот импулс за економски раст мора да произлезе од приватниот сектор, затоа што само тој може да создаде нови работни места и економска благосостојба на долг рок.

Локалната самоуправа, предводена од ВМРО ДПМНЕ, ќе биде фокусирана на локалниот економски развој и градење партнерство со бизнис секторот за остварување на интересите на граѓаните.

Нашите најважни проекти во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## РУРАЛНИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНА БОСИЛОВО

Изградба на основната инфраструктура (пристапен пат, снабдување со вода или изградба на бунар), зависно од условите и висината на инвестицијата;

Со овој проект ќе овозможиме поттикнување на економскиот и општествен развој во руралните средини, спречување на миграцијата, креирање на нови работни места и зголемување на економската активност во руралните подрачја.

## ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВО БОСИЛОВО

Целосно инфраструктурно решение за индустриската зона во с.Босилово со обезбедување на целокупната инфраструктура за привлекување на домашни и странски инвеститори за побрз економски развој.

## ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЕКОНОМСКО СТОПАНСКА ЗОНА ОД 5 ХЕКТАРИ ВО СКЛОП НА УПС МОНОСПИТОВО

Целосно инфраструктурно уредување на парцели во атарот на с. Моноспитово со што ќе создадеме услов за привлекување на нови индустриски капацитети со цел вработување на жителите од селата кои гравитираат кон јужниот дел од општина Босилово.

## ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВО ТУРНОВО

Целосно инфраструктурно решение за индустриската зона во с. Турново со обезбедување на целокупната инфраструктура за привлекување на домашни и странски инвеститори за побрз економски развој.

## ПРОМОЦИЈА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО И ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

Локалната самоуправа предводена од ВМРО – ДПМНЕ ќе работи на директна промоција на општина Босилово, при што дел од општинската администрација директно ќе контактира со потенцијални домашни и странски инвеститори и ќе им ги презентира предностите кои ги нуди нашата општина.

## ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Во наредните четири години ќе се насочиме кон развој на проекти за искористување на обновливите извори на енергија. Локалната самоуправа, во рамки на своите надлежности, ќе овозможи услови на заинтересираните домашни и странски инвеститори за изградба на фотоволтаични електрани на територијата на општина Босилово.



# 5. УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Планирањето и уредувањето на просторот и урбанизацијата се едни од најголемите предизвици во руралите средини. Една од основните задачи на локалната самоуправа е грижата за правилен урбан развој, одржување на ред и воспоставување на соодветна структура на населените места. Урбанистичкото планирање е континуиран процес на изработување, донесување и спроведување на просторен план и урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и да се заштити животната средина и природата.

Изработката на урбанистички планови за селата во општина Босилово е еден од основните приоритети. Наши проекти од областа на ***Урбанизмот*** се следните:

## УРБАНИЗАЦИЈА НА ПОГОЛЕМИТЕ СЕЛА И ПОДГОТОВКА НА УП ЗА НАСЕЛЕНИ МЕСТА И УП ЗА ИНДУСТРИСКИ КАПАЦИТЕТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО,

Ќе бидат изработени урбанистички планови за следните населени места:

- Босилово,
- Турново,
- Моноспитово,
- Бориево
- Дрвош и др.

Ќе се развиваат и урбанистички планови за индустриски капацитети и урбанистички планови во и надвор од населените места од општината.



# 5.1. ЖИВОТНА СРЕДИНА

Здравата животна средина е нужен предуслов за живот и за подигнување здрави поколенија. Токму затоа, во наредните четири години, општинската администрација ќе биде насочена кон превенција од непрописно постапување со отпадот и шутот, едукацијата на граѓаните за придобивките на здравата животна средина, подигнувањето на граѓанската свест и етичност, како и остро санкционирање на лицата и субјектите кои ќе извршат загадување на средината во која живееме.

Особено внимание ќе се посвети на санирањето на дивите депонии, како предуслов за изградба на мрежа на регионални депонии кои ќе работат по стандардите на ЕУ, со воспоставување интегриран систем на управување со отпад, со што отпадот нема веќе да претставува проблем, туку ќе претставува економска придобивка.

Нашите најважни проекти, во функција на ***заштита на животната средина*** во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## РЕГИСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ

Добивање на релевантни податоци за загадувачите на територијата на општина Босилово. Прибирање и обработка на податоци, создавање на критериуми за класификација на загадувачи и изготвување на Информацијата и презентирање на Советот на Општина Босилово а понатаму објава на веб страната на општината;

## ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ

Вршење на континуиран оперативен мониторинг на водите што ги обезбедуваат изворите за водоснабдување на општина Босилово, утврдување на квалитетот и квантитетот на водите;

## СОРАБОТКА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ ОСОБЕНО ИНДУСТРИИТЕ РЕГИСТРИРАНИ КАКО ЗАГАДУВАЧИ

Подобро организирана и редовна соработка помеѓу општината, граѓанскиот сектор и индустриите регистрирани како загадувачи за да се воспостави стратегиска и интерсекторска интервенција за намалување на загадувањето и заштита на животната средина;

## УРЕДУВАЊЕ НА КАНАЛИ И СОБИРАЊЕ НА РАСТИТЕЛНИТЕ ОСТАТОЦИ;

### СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ОД СТРАНА НА ОПШТИНАТА НА ЕКОЛОШКО ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ;

### ЧИСТЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

Редовно чистење на дивите депонии и превенција од нивно повторно создавање. Воспоставување на систем на контрола и санкционирање на несовесните граѓани кои вршат неконтролирано фрлање и палење на отпад преку секојдневно набљудување од страна на комуналните редари вработени во општината. **Особено внимание ќе се посвети на дивата депонија помеѓу населените места Босилово и Радово која секојдневно се пали и го загадува воздухот на околните села, депонијата кај населеното место Секирник која ги загадува околните обработливи површини и дивите депониите околу населените места Иловица и Штука;**

### НАБАВКА НА ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈПКД „ОГРАЖДЕН“ – БОСИЛОВО;

### ДООПРЕМУВАЊЕ НА ЈПКД „ОГРАЖДЕН“ – БОСИЛОВО СО ПРИКЛУЧНА ОПРЕМА (АТОМИЗЕР, ЦИКЛОН, КОСИЛКА , РАЧНА КОСИЛКА, МОТОРНИ ПИЛИ И Т.Н.);

### ПОСТАВУВАЊЕ НА КОНТЕЊЕРИ ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ НА ОТПАД

Првично ќе бидат поставени покрај локалните институции (Општинска зграда на општина Босилово, во дворовите на училиштата и т.н.). А понатаму тековно ќе бидат поставени и на други места, кои ќе бидат одредени во консултација со месното население;

### АКЦИИ ЗА ПОШУМУВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО

Со овој проект предвидени се акции за пошумување на околината на општина Босилово, особено во подножјето на планината Огражден планирани во соодветна временска рамка. Проектот ќе се реализира соодветно со расположливите ресурси и буџет на општината како и во соработка со ЈП Македонски шуми;

### ЧИСТЕЊЕ НА ПАТИШТАТА ОД ДРВЈА (СЕЧЕЊЕ НА ГРАНКИ) И РАСТИТЕЛНА ВЕГЕТАЦИЈА ВО ЦЕЛА ОПШТИНА БОСИЛОВО;

## ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ МОНОСПИТОВСКО БЛАТО ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА И ОРГАНИЗИРАЊЕ СИСТЕМ НА ЗАШТИТА И ОБНОВА.

Проверка на состојбата со Моноспитовско Блато во Министерството за животна средина и просторно планирање и негово законско утврдување како споменик на природата, со што би се создале услови за организирање служба за чување и ревитализација на биодиверзитетот на овој простор.



# 6. КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Максималната посветеност за обезбедување целосна комунална инфраструктура, значи навремено функционирање, чистење и подобар изглед на општината. Одржувањето на јавната чистота, обезбедување на комунална инфраструктура, чистење и подобар изглед на општината и благовремено решавање на проблемите на граѓаните преку изградба на водоснабдителни и канализациски системи создаваат услови за поздрава и почиста животна средина.

## 6.1. ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ

Ќе направиме максимални напори проблемите со водоснабдувањето да бидат секаде надминати и во сите места да се доизградат и модернизираат водоводи и да се обезбеди чиста вода за пиење на локалното население од општина Босилово. Наши приоритети се :

- **ДОИЗГРАДБА НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ ВО С. ИЛОВИЦА;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ ВО С. ДРВОШ**

  со изградба на бушотина со пумпна станица за снабдување со вода за пиење на населението во с.Дрвош;

- **ИЗГРАДБА НА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ ВО С.ГЕЧЕРЛИЈА;**
- **ПРОМЕНА НА ДЕЛ ОД ДОВОДНИОТ ЦЕВОВОД НА ВОДОВОДНИОТ СИСТЕМ ИЛОВИЦА**

  од мост на река Турија до с.Босилово и од филтер станица до регулаторот помеѓу Иловица и Штука каде често се случуваат дефекти односно пукање на цевки. Целта е заштита на локалниот патен правец Босилово – Радово и Иловица – Штука како и достапност до чиста вода за пиење на граѓаните на општина Босилово без прекин.

# 6.2. КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

Еден од поголемите проблеми во Општина Босилово е управувањето со отпадните води. За таа цел наши приоритети ќе бидат изградба на канализациони мрежи и одводни канали во следните населени места:

## ЗАПОЧНУВАЊЕ СО ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО БОСИЛОВО

Во с. Босилово не постои канализациона мрежа, така што отпадните води истекуваат слободно по површината на теренот и отворените канали, а дел од отпадните води се прифаќаат во примитивно изградени септички јами без прелив. Таквата состојба претставува потенцијален извор на епидемиолошки заразни заболувања кај населението;

## ИСКОП И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ВТОРОСТЕПЕНИ И ТРЕТОСТЕПЕНИ ОДВОДНИ КАНАЛИ ЗА АТМОСФЕРСКА ВОДА ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА БОРИЕВО, САРАЈ И ЕДНОКУЌЕВО

Со овојископ ќе се овозможи избегнување на опасностите од поплавување на станбените и на дворните површини во овие населени места;

## ИСКОП И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ВТОРОСТЕПЕНИ И ТРЕТОСТЕПЕНИ ОДВОДНИ КАНАЛИ ЗА АТМОСФЕРСКА ВОДА ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА РОБОВО И МОНОСПИТОВО

Со овој ископ ќе се овозможи избегнување на опасностите од поплавување на станбените и на дворните површини во овие населени места. Особено внимание ќе се посвети на одводните канали во село **Моноспитово** поради неговиот специфичен терен и големиот број одводни и атмосферски канали;

## ИСКОП И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ВТОРОСТЕПЕНИ И ТРЕТОСТЕПЕНИ ОДВОДНИ КАНАЛИ ЗА АТМОСФЕРСКА ВОДА ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА БОСИЛОВО, ТУРНОВО И СЕКИРНИК

Со овој ископ ќе се овозможи избегнување на опасностите од поплавување на станбените и на дворните површини во овие населени места.

# 6.3. УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ

Заради зголемената фреквенција на сообраќај, ќе се засили активноста околу уредување на тротоарите во населените места. Изградбата на тротоари ќе им даде еден нов лик на населените места, а воедно со тоа ќе се зголеми и безбедноста на пешаците во сообраќајот.

- **УРЕДУВАЊЕТО И ИЗГРАДБА НА ТРОТОАРИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА:**

  Радово и Бориево;

- **УРЕДУВАЊЕТО И ИЗГРАДБА НА ТРОТОАРИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА:**

  Турново, Босилово и Секирник;

- **УРЕДУВАЊЕТО И ИЗГРАДБА НА ТРОТОАРИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА:**

  Моноспитово, Еднокуќево и Робово;

- **ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ВО СИТЕ СЕЛА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО:**

  (Моноспитово, Босилово, Турново, Секирник, Радово, Петралинци, Сарај, Робово, Бориево, Еднокуќево, Иловица, Штука, Старо Балдовци, Дрвош и Гечерлија).

  Во следниот четиригодишен период, согласно расположливите средства од буџетот, ќе се направи партерно уредување во сите села на територија на Општина Босилово.

# 6.4. УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Квалитетот на животната средина и природата се огледало на секоја држава, на секој град, секоја општина. Преку нивно негување, се создаваат услови за здрав живот на сите граѓани. Планирано е хортикултурно уредување на парцели и површини покрај локални патишта и улици со зимзелени и листопадни дрвја и други цветни растенија. Особено внимание ќе се посвети на веќе изградените плоштади и паркови до 2017 година кои сега се во страшна и запуштена состојба;

## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА, ЧИСТЕЊЕ И ДОУРЕДУВАЊЕ НА ПЛОШТАДОТ ВО СЕЛО МОНОСПИТОВО

Ќе се изврши чистење, доуредување и замена на искршено партерно уредување и урбаната опрема на плоштадот во село Моноспитово како и замена и оспособување на осветлувањето;

## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА, ЧИСТЕЊЕ И ДОУРЕДУВАЊЕ НА ПЛОШТАДОТ ВО СЕЛО ИЛОВИЦА

Ќе се изврши чистење, доуредување и замена на искршено партерно уредување и урбаната опрема на плоштадот во село Иловица како и инсталација на ново осветлување;

## ЧИСТЕЊЕ, КОСЕЊЕ И ДОУРЕДУВАЊЕ НА ПЛОШТАДОТ ВО СЕЛО РОБОВО

Ќе се изврши чистење, косење, доуредување и обновување на зелените површини на плоштадот во село Робово како и поставување на соодветно осветлување.



# 7. ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со реконструкција и рехабилитација на локалните патишта ќе се подобри локалната патна мрежа, што ќе придонесе за подобрување на социо-економскиот живот на населението, побезбедно одвивање на сообраќајот, скратување на времето на патување и поврзување на населените места. Затоа, во општина Босилово неопходна е засилена реализација на јавни инвестициски проекти од областа на патната мрежа и транспортот.

Општина Босилово во следните 4 години ќе изврши реконструкција на следните локални патишта:

- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ИЛОВИЦА – ШТУКА - ТУРНОВО ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 5 КМ;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ЕДНОКУЌЕВО – СПОЈ СО МАГИСТРАЛЕН ПАТ А-4 ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 1,2 КМ;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ТУРНОВО - РАДОВО ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 1000 МЕТРИ;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ОД СПОЈ СО МАГИСТРАЛЕН ПАТ А-4 – РОБОВО - ДО ГРАНИЦА СО СЕЛО МУРТИНО (ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА) ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 1,5 КМ;**
- **ДОИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ БОРИЕВО – КОЛЕШИНО (ОПШТИНА НОВО СЕЛО);**
- **РЕХАБИЛИТИРАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ, КАКО И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО**

  и тоа во следните населени места: Босилово, Моноспитово, Бориево, Турново, Секирник, Иловица, Штука, Радово, Старо Балдовци, Петралинци, Гечерлија, Сарај, Еднокуќево, Робово, Дрвош;

## АСФАЛТИРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО,

во должина до 1 км, секоја година, со средства обезбедени од Бирото за регионален развој и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР);

## ТАМПОНИРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО КАДЕ ИМА ПОТРЕБА,

за секоја година поединечно во наредниот четиригодишен мандат и тоа во: Босилово, Моноспитово, Бориево, Турново, Секирник, Иловица, Штука, Радово, Старо Балдовци, Петралинци, Гечерлија, Сарај, Еднокуќево, Робово, Дрвош;

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЕШАЧКИ МОСТ НА РЕКАТА СТРУМИЦА

помеѓу Еднокуќево и Босилово и „Могилски мост“ - на река Струмица, Секирник.



# 8. ОБРАЗОВАНИЕ

Вложувањето во образованието претставува капитална инвестиција. ВМРО–ДПМНЕ цврство верува дека вложувањето во образованието е вложување во најзначајниот ресурс за земјата – човечкиот капитал. Вложувањето во образованието е вложување во иднината на нашите деца и нивно формирање како квалитетни и високообразовани способни академски граѓани – подготвени за современите предизвици.

Ќе се залагаме за континуирано усовршување и развивање на наставниот кадар со цел постигнување на образовна и училишна визија која ќе одржува партнерски однос со семејството на ученикот, како и меѓусебно почитување и примена на принципот за заемна почит и толеранција.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## РЕКОНСТРУКЦИЈА, АДАПТАЦИЈА И ДОГРАДБА НА ПОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – СЕЛО ЕДНОКУЌЕВО

Ќе извршиме замена на азбестниот покрив, замена на столаријата (врати и прозорци) реконструкција на подот, таваните, фасада, нов санитарен чвор и изградба на уште една училница и централно греење на пелети). Со реконструкцијата ќе се овозможи создавање енергетски ефикасен објект, без опасности за здравјето на учениците и подобрување на квалитетот на наставниот процес;

## ИЗГРАДБА НА ПОМОШНА ПРОСТОРИЈА ВО СКЛОП НА УЧИЛИШНАТА ЗГРАДА НА ПОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – СЕЛО ПЕТРАЛИНЦИ.

Ќе изградиме помошна просторија која ќе служи за складирање на огревно дрво, алат и опрема, за потребите на училиштето и повеќенаменското игралиште;

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОУ „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“ – СЕЛО БОРИЕВО

Ќе извршиме изградба на нов санитарен чвор во склоп на училишната зграда, систем за централно греење и нова фасада;

- ## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОУ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СЕЛО ТУРНОВО

  Ќе изградиме систем за централно греење и реконструкција на санитарниот чвор. Со реконструкцијата ќе се овозможи создавање подобри услови за одржување на наставниот процес;

- ## ОПРЕМУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА И УЧИЛИШНИТЕ КАБИНЕТИ

  Во насока на обезбедување на квалитетна практична настава, ќе ги доопремиме училиштата со потребните наставни материјали и алатки .

- ## СМАРТ ТАБЛИ ВО СЕКОЈА УЧИЛНИЦА;

  Формирање мали библиотеки со лектири и други корисни книги, речници, енциклопедии и слично во сите подрачни училишта;

- ## ОПРЕМУВАЊЕ НА КАБИНЕТ ПО НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ БИОЛОГИЈА И ХЕМИЈА

  во ООУ „Гоце Делчев“ – Босилово;

- ## УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ДВОРОВИ

  со паркови, зеленило и урбана опрема (клупи за седење, корпи за отпадоци и сл.);

- ## НАБАВКА НА НОВИ СТОЛЧИЊА И МАСИЧКИ, КОМПЈУТЕРИ, НАДГЛЕДНИ СРЕДСТВА, ТЕЛЕВИЗОРИ

  за оние училишта каде ќе се јави потреба поради дотраеност, оштетеност и сл.



# 9. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА

Со добивање на вашата доверба, новата локална самоуправа во општина Босилово ќе се залага за мобилизирање на сите чинители на локално ниво со цел обезбедување социјална превенција, зголемување на социјалната заштита и социјална инклузија на ранливите категории граѓани.

Согласно тоа, посветено ќе се грижиме за:

- **СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА НАЈМЛАДИТЕ И НИВНО ЗГРИЖУВАЊЕ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ;**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ НА СТАРИТЕ ЛИЦА,**

  преку развој на сервсни служби за нив;

- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНЦИЈА ОД МОЖНИ СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ;**
- **ДОНЕСУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ПЛАН ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

  на ниво на општина Босилово како основа за донесување на регионален план за социјална заштита на ниво на Југоисточен плански регион;

- **АКТИВНА СОРАБОТКА СО ЦРВЕНИОТ КРСТ**

  Струмица и други невладини организаци од областа на социјалната заштита.

Исто така, во општина Босилово ќе ги реализираме следните проекти од областа на социјалната заштита:

- **ПОВТОРНО ОТВАРАЊЕ НА ДИСПЕРЗИРАНО ОДДЕЛЕНИЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ – СТРУМИЦА ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО БОСИЛОВО.**

  Со отварање на дисперзираното одделение во општина Босилово, ќе покажеме целосна посветеност за ефикасно задоволување на потребите на граѓаните преку остварување на нивните социјални права, како и достапност на услуги од областа на социјалната заштита;

- **РЕКОНСТРУКЦИЈА, АДАПТАЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ПРОСТОРИИ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ (ПЕНЗИОНЕРСКИ КЛУБОВИ) ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА: МОНОСПИТОВО, РОБОВО, ТУРНОВО И БОРИЕВО.**

  Во неколку населени места во општина Босилово, ќе бидат реконструирани простории за дневен престој на пензионерите каде што ќе се организираат најразлични активности за старите лица особено насочени кон:

- **СОВЕТУВАЊЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА;**
- **ЕДУКАТИВНИ НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИ;**
- **ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДНЕВНИ ПАТУВАЊА И ОРГАНИЗИРАНИ ПОСЕТИ НА КУЛТУРНО ИСТОРИСКИ ЛОКАЛИТЕТИ;**
- **СОРАБОТКА СО НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ ПЕНЗИОНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ.**



# 10. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Земјоделството и аграрната политика се зацртани како еден од главните приоритети на ВМРО ДПМНЕ која како народна партија своите политики ги заснова на традицијата и вредностите на македонскиот човек. Селото отсекогаш било стожер и чувар на нашите темелни вредности. Земјоделството има сериозно економско значење и потенцијал за поголем понатамошен развој.

Лоцирана во еден од најплодните земјоделски региони во Македонија, општина Босилово располага со голем потенцијал за развој и унапредување на земјоделството. Со оглед на тоа дека најголем дел од населението во општината се занимава со земјоделска дејност ќе работиме на тоа општина Босилово да го реализира својот потенцијал односно да се зголеми производството на храна, а откупот да биде фер и по пазарни цени. Со тоа земјоделците ќе можат дополнително да инвестираат во земјоделието и да придонесат општина Босилово да биде една од најразвиените земјоделски општини во Македонија.

Преку отворен дијалог со земјоделците во четиригодишниот мандат ќе посветиме особено внимание кон оваа стопанска гранка која е една од најзначајните за нашата општина и со проектите што ќе ги реализираме, нашите земјоделци во голема мера ќе ги доближиме до модерното европско земјоделство.

## ПРЕЗЕМАЊЕ ИНИЦИЈАТИВА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО СИСТЕМОТ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ОД АКУМУЛАЦИЈАТА ТУРИЈА.

Чистење и отпушување на каналите за наводнување како и изградба на нови во атарите на населените места Сарај, Гечерлија, Петралинци, Радово, Турново ,Иловица, Штука, Босилово и Секирник;

## СОЗДАВАЊЕ ИНФРАСТРУКТУРНИ УСЛОВИ И ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ПРЕРАБОТУВАЧКАТА И ПРЕХРАМБЕНАТА ИНДУСТРИЈА.

Во индустриските зони во Робово и Босилово ќе создадеме инфраструктурни услови за привлекување инвеститори од областа на прехрамбената и преработувачка индустрија. Исто така ќе создадеме услови за изградба на нови откупно дистрибутивни пунктови за земјоделски производи;

## ПОДДРШКА НА ИНИЦИЈАТИВИТЕ ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА НОВИ СТОЧАРСКИ БИЗНИСИ

Општината особено ќе ги поддржи иницијативите за започнување на нови сточарски бизниси во делот на говедарството, овчарството и козарството. Општината ќе обезбеди првенствено водопоила за напојување на стоката, помош околу подготовката на потребната документација со која се аплицира за користење средства од ИПА програмите и давање бесплатна едукација за сточарите кои сакаат да започнат свој бизнис;

## ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

Со изградба на повеќе патишта за пристап до земјоделско земјиште во населените места од општина Босилово, значително ќе се олесни пристапот на земјоделците до обработливите земјоделски површини.

Општината ќе се залага да се подобри пристапот до обработливите површини особено во населените места од рамничарскиот дел од општина Босилово;

## ИСКОП И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА СЕКУНДАРНИТЕ И ТЕРЦИЈАЛНИТЕ КАНАЛИ ЗА АТМОСФЕРСКА ВОДА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО

Редовно одржување и машинско чистење на секундарните, терцијалните и други помали канали за атмосферски води во општина Босилово;

## ПОДДРШКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

Општината ќе го поддржи формирањето на земјоделските задруги, заради подобрување на статусот на малите земјоделци на пазарот и подобрување на пласманот на нивните производи во насока на обезбедување на основни услови за работа и функционирање;

## ПРОМОЦИЈА И ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА ОРГАНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО, СОБИРАЊЕТО И ТРЕТМАНОТ НА САМОНИКНАТИТЕ РАСТЕНИЈА

Органското производство, шумските плодови, чаеви и другите самоникнати растенија со кои изобилува особено подограждeнскиот регион, се повеќе се барани на пазарот. Оттаму, општина Босилово во соработка со претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го промовира и популаризира органското производство.



# 11. СПОРТ И МЛАДИ

Физичкото образование и спортувањето во развојот на човекот се неопходни за негов нормален психофизички развој и спречување на појава на телесни деформитети.

Рекреативниот спорт исто така овозможува развој на индивидуите и зголемување на квалитетот на живот на граѓаните.

Локалната самоуправа, предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе работи на унапредување на општата положба и задоволување на потребите и интересите на младите во општина Босилово, затоа што младите се столб врз кој се гради нашата сегашност и иднина. Спортот претставува ресурс за развој, а инвестирањето во него неодминливо влијае врз вкупниот развој. Затоа општина Босилово, ќе обезбедува максимална поддршка на спортските клубови и поддршка и организација на спортски манифестации.

Во следните четири години ќе ги реализираме следните проекти:

- **ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ ВО УЧИЛИШНИОТ ДВОР НА ООУ „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“ СЕЛО МОНОСПИТОВО;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ИГРАЛИШТЕ ЗА ОДБОЈКА ВО ПАРКОТ ВО СЕЛО РОБОВО;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МАЛО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ПОУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СЕЛО СЕКИРНИК;**
- **ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОТВОРЕНИТЕ СПОРТСКИ ТЕРЕНИ КАКО И ОДРЖУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ИГРАЛИШТА;**
- **ПОТТИК И СУБВЕНЦИИ ЗА ИНДИВИДУАЛНИ И ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ;**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА НОРМАЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ФУДБАЛСКИТЕ КЛУБОВИ ВО ОПШТИНАТА;**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРЕВОЗ ЗА МЛАДИТЕ КОИ САКААТ ДА СЕ ЗАНИМАВАТ СО СПОРТ ДО СПОРТСКИ АКАДЕМИИ И УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО;**

- **ПОДРШКА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ТУРНИРИ ВО МАЛ ФУДБАЛ;**
- **ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ПАРКОВИ СО ЗАБАВНИ РЕКВИЗИ ВО СЕЛАТА: ИЛОВИЦА, ТУРНОВО, МОНОСПИТОВО, СЕКИРНИК.**

  Во наредните четири години ќе изградиме детски паркови со забавни реквизити во селата Иловица, Моноспитово, Турново, Секирник и во други населени места со што на најмладите ќе им создадеме нови катчиња за забава и рекреација;

- **ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО БОСИЛОВО**

  Во населеното место Босилово ќе изградиме спортска сала која ке ги исполнува сите технички и професионални стандарди и ќе биде наменета за рекреативно спортување но и за одржување на помали спортски, културни, деловни и други активности и манифестации. Оваа мала арена ке биде вистинско место за исполнување на слободното време за младите а и повозрасните лица, од цела општина преку рекреативно играње ракомет, кошарка, фудбал, одбојка, и т.н.





# 12. ТУРИЗАМ

Единствен локалитет што исполнува услови за развој на туризмот во нашата општина е познатото Моноспитовско Блато, каде што има инвестирано средства од европските претпристапни фондови за меѓусоседска соработка. Ќе направиме напори овој локалитет да најде место во регионалните програми за развој на туризмот, во соработка со соседните општини и туристички агенции.

Наша основна цел е да привлекуваме што повеќе домашни и странски туристи, за што ќе бидат преземени одделни активности и проекти. Во таа насока ќе пристапиме кон развој на алтернативниот туризам со преземање на активности за промоција и поддршка на еко руралниот туризам во с.Моноспитово при што ќе бидат искористени капацитететите на Центарот за алтернативен туризам и креативен развој;

## ➤ ПОСТАВУВАЊЕ НА ТАБЛИ, ПАТОКАЗИ И ОБЛЕЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ПАТЕКИ

Ќе продолжиме со поставувањето на табли и патокази за да се одбележат сите позначајни природни реткости и убавини: водопади, реки и друго, како и сите историски знаменитости во општината. Паралелно ќе продолжиме со означување и мапирање на нови туристички патеки со цел нивна полесна достапност за посетителите;

## ➤ ПОДДРШКА НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Ќе соработуваме со бизнис заедницата и ќе создаваме услови за инвестиции и изградба на угостителски и туристички објекти на планината Огражден и просторот околу вештачките акумулации со вода на територијата на општина Босилово;

## ➤ РАЗВОЈ НА ЕКО-РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ

Ќе го развиваме руралниот туризам преку користење на отворените линии од европските фондови, програмата ИПАРД за поттикнување и развој на овој вид туризам, ИПА за прекугранична соработка Македонија- Бугарија и Македонија- Грција, со што ќе помогнеме да се развие инфраструктурата и да се задржи уникатноста на нашите рурални средини.



# 13. КУЛТУРА

Македонската култура е дел од македонскиот идентитет. Македонската култура е наша, но и европска и светска култура.

Културата е трајна и се надградува. Затоа ќе продолжиме да го развиваме актуелното творештво и да го заштитуваме културното наследство, а во тој контекст нашата општина Босилово се обврзува да ги негува и чува локалните традиции, фолклор и духовност.

Локалната самоуправа, во наредните четири години, ќе настојува општина Босилово да биде широко препознатлива како дестинација во која ќе може да се види и доживее духот на македонското вековно културно и идентитетско опстојување преку:

## НЕГУВАЊЕ И ПОДДРШКА НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ И СОВРЕМЕНИ ВРЕДНОСТИ НА СЕЛАТА ОД ОПШТИНАТА,

како и презентација на нашето културното наследство во странство, преку гостувања на КУД „Гоце Делчев“ од Босилово, КУД „Кирил и Методиј“ од Иловица и КУД „Русалии“ од Секирник;

## ДОСТОЈНО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ

на настани и личности од нашето културно – историско минато, вклучувајќи спомен-обележја;

## АФИРМАЦИЈА И СТИМУЛАЦИЈА НА ЛИТЕРАТУРНОТО ТВОРЕШТВО

преку литературни конкурси – тематски одредени и насочени со дефинирани содржини.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУЛТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА - „БОСИЛОВО КУЛТУРНО ЛЕТО“

Ќе организираме културна манифестација „Босилово културно лето“ во чиј рамки ќе бидат организирани културни и спортски манифестации (театарски претстави за деца, концерти на локални уметници, ликовни изложби, спортски натпревари, итн.). Во рамките на „Босилово културно лето“ ќе се организира и манифестацијата „Иселеничка средба“ која традиционално се одржуваше на 30 Јули секоја година;

- ## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „РУСАЛИИ ФОЛКЛОР-СЕКИРНИК“

  Ќе продолжиме да ја финансираме и афирмираме манифестацијата „Русалии фолклор“ која се организира во чест на големиот христијански празник Успение на Пресвета Богородица во населеното место Секирник. Целта на манифестацијата е да ја зачува, но и афирмира русалиската игра и русалиските обичаи;

- ## РЕДОВНО ПОМАГАЊЕ НА КУЛТУРНО УМЕТНИЧКИТЕ ДРУШТВА: КУД „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – БОСИЛОВО, КУД „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – ИЛОВИЦА , КУД „РУСАЛИИ“ – СЕКИРНИК, КУД „КАВАЛЏИИ“ – ШТУКА, И ДР.

  Општина Босилово ќе ги поддржува културно уметничките друштва кои гравитираат на територијата на општината за остварување на нивната главна мисија и цел, а тоа е зачувување и промоција на македонските традиционални ора, драми, музика и песни. Друштвата во континуитет ја шират културната традиција гостувајќи на многу фестивали и натпревари, не само во земјава, туку и во странство ( Србија, Хрватска, БиХ, Бугарија, Швајцарија, Германија и др.);

- ## ПОМАГАЊЕ НА СИТЕ ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА БОСИЛОВО КОИ ИМААТ АФИНИТЕТИ КОН УБАВИОТ ПИШАН ЗБОР ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КНИГИ;

- ## ОРГАНИЗИРАЊЕ КУРСЕВИ ПО ФОЛКЛОР И ФОРМИРАЊЕ ИГРАОРНИ И ДРАМСКИ СЕКЦИИ КАКО ПОДМЛАДОЦИ НА КУЛТУРНО – УМЕТНИЧКИТЕ ДРУШТВА.

  Целта на овие курсеви ќе биде да се поттикнат младите да се запознаат и да ги негуваат културата и традицијата и поисполнето да го користат своето слободно време, ослободени од социјалните мрежи и мобилните телефони.



# 14. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Активностите и проектите во областа на меѓународната соработка кои ќе ги реализираме во наредниот четиригодишен мандат ќе овозможат политичка, економска и културна меѓународна афирмација на општината. Сето тоа ќе придонесе за трансфер на позитивните меѓународни искуства и знаења во многу сфери на работа на нашата општина и нејзино доусовршување како вистински сервис на граѓаните. Исто така значајна енергија ќе биде внесена и во процесот на меѓународна промоција и претставување на општината на европски и регионални настани, саеми и семинари со цел привлекување странски инвестиции од областа на туризмот, индустријата, земјоделството, културата и спортот, што ќе резултира со креирање услови за подобрување на стандардот на граѓаните, отварање нови работни места и зголемена економска активност на општина Босилово.

Нашите најважни проекти во развивањето на меѓународната соработка во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- **РАЗМЕНА НА КУЛТУРНИ ИСКУСТВА, ТРАДИЦИИ И ФОЛКЛОР КАКО ПАТОКАЗ НА ЗБЛИЖУВАЊЕ И СОРАБОТКА МЕЃУ ПОГРАНИЧНИТЕ ОПШТИНИ;**
- **ЌЕ ПРОДОЛЖИМЕ СО ЗБОГАТУВАЊЕ И ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА КОНТАКТИТЕ СО НАШИТЕ ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ;**
- **ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ РАБОТИМЕ НА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ КОНТАКТИ И ЗАВРШУВАЊЕ НАВЕЌЕ ВОСПОСТАВЕНИТЕ СО ЦЕЛ ЗБРАТИМУВАЊЕ СО НОВИ ОПШТИНИ;**
- **ОПШТИНА БОСИЛОВО И ВО СЛЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ АКТИВНО ЌЕ УЧЕСТВУВА СО АПЛИКАЦИИ ВО ПРОЕКТИ ОД ИПА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА;**

- **ОПШТИНА БОСИЛОВО И ВО СЛЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА УЧЕСТВУВА СО АПЛИКАЦИИ ВО ПРОЕКТИ ВО ИПА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА СО НЕКОЛКУ ОПШТИНИ ОД РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА;**
- **ОДРЖУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОНТАКТИТЕ СО ДИЈАСПОРАТА.**

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk